Христос воскресна!

ПРЕМИН

# БЕСЕДА ЗА КРСТОТ

СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

- ИЗВАДОК -



**Денес Крстот го отвори заклучениот рај; денес во него го внесе разбојникот; направи две големи дела - го отвори рајот и го внесе разбојникот, му ја врати древната Татковина, го доведе во Градот на татковците. Вистина ти велам - рече Господ - денес ќе бидеш со мене во рајот (Лука 23, 43). Што велиш? И самиот си распнат и прикован на крстот, а ветуваш рај? Како ќе го постигнеш тоа? А Павле вели: распнат беше по слабоста (2 Кор. 13, 4).**

**Но, слушај што додава потоа: но живее по силата Божја. А на друго место го вели и ова: силата моја во немоќта се покажува совршена (2 Кор. 12, 9). Затоа - вели - Јас и ветувам сега, на Крстот, за ти во тоа да ја спознаеш Мојата сила. И овде Тој ја покажува Својата сила за ти, обрнувајќи внимание на својството на Крстот, да не се предаваш на очајување, бидејќи настанот навистина бил тажен, туку за да ја видиш моќта на Распнатиот, за да бидеш бодар и весел...**

СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

IC

Што направи разбојникот за одеднаш, на Крстот, да стане достоен за Рајот? Ако сакаш, накратко ќе ти кажам во што е одважноста на разбојникот. Бидејќи Петар, прв од учениците, долу се откажа, тој, горе на крстот, Го исповедаше Христа. Ова не го велам за да го осудам Петра, воопшто не, туку со желба да ја искажам возвишеноста на разбојниковата душа и неговата голема побожност. Оној не ѝ одолеа на заканата на една проста слугинка, а овој, кога го виде сиот народ како негодува, вика и со илјадници хули го затрупува Распнатиот, не гледаше на Неговото понижување, туку, гледајќи низ тоа со очите на верата и оставајќи ги сите понижувања и пречки долу, Го прифати Небесниот Владика, и ги изговори тие кратки зборови што го направија достоен за рајот: „Спомни си за мене, Господи, кога ќе дојдеш во Царството Свое...“ (Лука 23, 42). Да ги погледнеме овие зборови. Нека не ни биде срам да го имаме за учител разбојникот кого што нашиот Владика не се срамеше да го земе во рајот најпрв од сите. Нека не ни биде срам да го имаме за учител човекот којшто прв од сиот човечки род се покажа достоен за животот во рајот. Да го испитаме секој негов збор за да ја спознаеме силата на Крстот.

Нему Господ не му говореше како на Петар и Андреј: *дојдете со мене и ќе ве направам ловци на луѓе* (Мат. 4, 19); не му говореше како на дванаесеттемина ученици: „Вистина ви велам, дека вие што појдовте по Мене, во нов живот, кога ќе седне Синот Човечки на престолот на Славата Своја, ќе седнете и вие на дванаесет престоли и ќе им судите на дванаесетте племиња Израилеви“ (Мат. 19, 28), дури не го удостои ни со збор. Тој не ги виде чудата - ни мртвиот како станува, ни истерувањето на демоните, ни морето како се покорува на Божјата заповед, ниту беседеше со Него за Царството. Од каде воопшто знаеше за Царството? Да ја погледнеме неговата голема благоразумност. Другиот разбојник пак, како што стои во Евангелието - хулеше на Господа, оти беше распнат заедно со Него, за да се исполни пророштвото: *и беше ставен меѓу злосторници* (Иса. 53, 12). Безумните Јудејци сакаа да ја помрачат Неговата слава, та од сите страни го искривуваа она што се беше случило; но вистината и покрај сето тоа уште повеќе се засилуваше, и наспроти пречките стануваше сè појасна.

БЕСЕДА ЗА КРСТОТ

XC

...

Многу е поважно да се молиме за непријателите одошто за пријателите. Молитвата за пријателите не ни носи толкава корист како молитвата за непријателите. Слушај Го Христа како вели: *оти ако ги љубите оние што ве љубат, каква ви е награда? Нели така прават и цариниците* (Мат. 5, 46)? Затоа, кога се молиме за пријателите не сме подобри од цариниците; а кога ги љубиме непријателите и се молиме за нив, тогаш, колку што е тоа можно за луѓето, ќе бидеме слични на Бога. *Да бидете синови на Отецот ваш Кој е на небесата* - вели Он - *оти Отецот со сонцето Свое ги осветлува подеднакво и добрите и злите; и им дава дожд и на праведните и на неправедните* (Мат. 5, 45). Значи, ако имаме примери и од Владиката и од слугите, да покажеме ревност, да почнеме да ја исполнуваме добродетелта, за да се удостоиме за Царството Небесно и со поголема смелост да пристапиме кон страшната трпеза, со чиста совест, и да ги добиеме ветените добра, заради благодатта и човекољубието на нашиот Господ Исус Христос, Кому, со Отецот и Светиот Дух, нека Му е слава, власт и чест, сега и секогаш и во сите векови, амин.

Многу е поважно да се молиме за непријателите одошто за пријателите. Молитвата за пријателите не ни носи толкава корист како молитвата за непријателите.



*Да бидете синови на Отецот ваш Кој е на небесата* - вели Он - оти *Отецот со сонцето Свое ги осветлува подеднакво и добрите и лошите; и им дава дожд и на праведните и на неправедните* (Мат. 5,45).



Што е ова? Длабока тишина владее на земјата денес, длабока тишина и длабока осама. Длабока тишина, оти Царот спие. Земјата затрепери и се смири, оти Бог заспа во плотта и отиде да ги разбуди оние коишто спијат со векови. Бог умре во плот и адот затрепери. Бог заспа накратко и ги разбуди од сонот оние што гниеја во адот!... (Свети Епифаниј, омилија на Велика Сабота)



## ПАВЛЕ ЕВДОКИМОВ

# ИКОНИ НА ХРИСТОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ

Во чинот на Воскресението Бог ѝ дава на Христовата душа моќ да го разбуди своето тело од (смртниот) сон и да се соедини со него, бидејќи смртта „повеќе немаше сила да Го задржи“. Навистина, со Својата совршена послушност на Отецот, послушност на Љубовта којашто распнува, Христос - распната Љубов - го достигнува совршеното обожение на Христовата човечка природа, којашто оттогаш ја достигна вистинската бесмртност. Во победата над смртта учествува и Бог Словото преку чинот на Света Троица, но исто така и Христовата човечка природа, синергично и дејствително. Ако Бог не може да го спаси човекот без него самиот, исто така не може ни да го воскресне без неговото дејствително учество, без крвава пот и гетсиманското Христово ’нека биде ...!’

Воскресението Христово е победа што ја уништува смртта.

Тоа претставува онтолошка промена, така што потоа Христовото духовно тело на славата можеше повторно да се појавува во овој свет, без да биде спречувано од неговите закони. Можеше да поминува низ затворена врата, да се појавува и да исчезнува пред очите на учениците. Овие архетипски својства на воскреснатото тело на Господ ја наметнуваат идејата дека секое воскреснато тело ја губи негативната сила на одбивањето (непријателството и солипсизмот), којашто ја конституира непроѕирната материјалност, затворениот волумен на предметите во просторот, и ја чува само позитивната сила на привлекувањето (љубовта), што го укинува отпорот, непробивноста, и му овозможува на предметот да поминува „низ“ другите, да е проѕирен и прооден, отворен за сè и во сеопфатна врска со сè. За самиот миг на Воскресението евангелската историја не кажува ништо. Иконографијата сосема верно го следи ова молчење со најголема почит кон Таинството. Така, во согласност со Евангелието, единствените две иконографски композиции се - „Симнувањето во адот“ и „Жените мироносици на гробот“ - единствените икони на Празникот на Христовото Воскресение.






## ЉУБОВТА ХРИСТОВА, ВОСКРЕСЕНИЕ ПРЕД СМРТТА

**Господи, Ти Кој се молеше за непријателите, научи нè со Духот Свет да ги сакаме оние што нè мразат! Господи, ни заповеда да ги сакаме непријателите, но тоа не е можно без Твојата благодат! Господи, излеј ја Твојата благодат на земјата, дај им на сите луѓе да ја разберат Твојата љубов и да видат дека нè сакаш како мајка и повеќе од мајка!**

**На нашата Православна Црква ѝ е дадено да ги разбира тајните Божји преку Светиот Дух, и нејзината моќ се крие во светлината на нејзината мисла и во нејзиното христолико трпение!**

**Луѓето се препираат околу верата и на тие препирки им нема крај. Всушност, нема потреба да се препираме! Треба само да се молиме на Бога и на Мајката Божја, и Господ ќе нè просветли. Милостив Господи, со изобилноста на Твојата милост, спаси нè сите!**

**Свети Силуан Атонски**

Христос е Оној Кој го знае патот на Пасхата и нè води по него бидејќи Самиот прв го изоди. Христос дојде да го спаси светот, а не да ни овозможи да побегнеме од него пред да биде отфрлен како безвреден. Многу размислување за 'животот што ќе дојде' често води во прелест. Во извесна смисла, ние немаме друг свет освен овој во кој живееме, иако начинот на нашето идно домаќинство со тој свет, начинот на целиот наш однос кон просторот и времето, ќе биде сосема различен кога ќе воскреснеме во Христа.
(А. Шмеман)

### Великопосната молитва на СВЕТИ ЕФРЕМ СИРИН

Господи и Владико на мојот живот!
Духот на леноста, унинието, зависта и празнословието отстрани го од мене;
дух на чистота, смирение, трпение и љубов, дарувај ми!
Да, Господи, Цару! Подари ми да си ги согледам своите грешки, и да не го осудувам братот свој,
зашто Си благословен во сите векови, амин.


Премин, Воскресение Христово 2004



## КАКО СЕ ОДРЕДУВА ДАТУМОТ НА КОЈ СЕ СЛАВИ ДЕНОТ НА ВОСКРЕСЕНИЕТО ?

**Според Седмото Апостолско правило, еве кога треба да падне денот на Велигден:**
**1. После пролетната рамноденица**
**2. Не истиот ден кога е јудејската Пасха**
**3. Не веднаш по рамноденицата, туку првата полна месечина по рамноденицата**
**4. После таа полна месечина не во друг ден освен првиот ден од седмицата - недела.**

## ВЕЛИГДЕНСКОТО ЕВАНГЕЛИЕ (ЛУКА 24)

Во првиот ден на седмицата, многу рано, тие дојдоа на гробот, носејќи ги приготвените мириси, а заедно со нив беа и некои други; и како влегоа, не го најдоа телото на Господа Исуса. И додека се чудеа на тоа, одеднаш пред нив застанаа двајца мажи во светли облеки; тие се уплашија и ги наведнаа лицата кон земјата, а овие им рекоа: „Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите? Он не е овде, а воскресна; сетете се како ви рече, кога беше уште во Галилеја, говорејќи, дека Синот Човечки треба да биде предаден на луѓе грешници и да биде распнат, и на третиот ден да воскресне.“ И се сетија на Неговите зборови. Па штом се вратија од гробот, им го соопштија сето тоа на единаесетте и на сите други. А тие беа Марија Магдалина, и Јоана, и Марија Јаковова и други со нив, што им го кажаа тоа на апостолите. И нивните зборови им изгледаа како лага, и не им поверуваа. Но Петар стана и отиде бргу до гробот, и кога се наведна, го виде внатре само покровот и се врати, чудејќи се сам во себе за она што станало.

Во првиот ден на седмицата, многу рано, тие дојдоа на гробот, носејќи ги приготвените мириси, а заедно со нив беа и некои други; и како влегоа, не го најдоа телото на Господа Исуса. И додека се чудеа на тоа, одеднаш пред нив застанаа двајца мажи во светли облеки; тие се уплашија и ги наведнаа лицата кон земјата, а овие им рекоа: „Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите? Он не е овде, а воскресна; сетете се како ви рече, кога беше уште во Галилеја, говорејќи дека Синот Човечки треба да биде предаден на луѓе грешници и да биде распнат, и на третиот ден да воскресне.“ И се сетија на Неговите зборови.





Па штом се вратија од гробот, им го соопштија сето тоа на единаесетте и на сите други. А тие беа Марија Магдалина, и Јоана, и Марија Јаковова и други со нив, што им го кажаа тоа на апостолите. И нивните зборови им изгледаа како лага, и не им поверуваа. Но Петар стана и отиде бргу до гробот, и кога се наведна, го виде внатре само покровот и се врати, чудејќи се сам во себе за она што станало.

Во истиот ден двајца од нив одеа во едно село, по име Емаус, кое беше оддалечено од Ерусалим шеесет стадиони; и зборуваа помеѓу себе за сите овие настани. И кога разговараа и се запрашуваа еден со друг, Сам Исус се приближи и одеше со нив; но очите им се замрежија за да не Го познаат. А Он им рече: „Какви се тие зборови што ги разменувате помеѓу себе одејќи и зошто сте нажалени?“ Едниот од нив, по име Клеопа, Му одговори и рече: „Единствен туѓинец ли си ти во Ерусалим, та не си разбрал што стана во него овие дни?“ И ги праша: „Што?“ Тие му одговорија: „Она што стана со Исуса Назареецот, Кој беше пророк, силен на дело и на слово, пред Бога и пред сиот народ; дека нашите првосвештеници и управници Го предадоа да биде осуден на смрт и Го распнаа; а ние се надевавме дека е Он Оној што треба да го избави Израилот; но и покрај сето тоа, денес е веќе трет ден, откако стана ова. А и некои жени од нашите не исплашија; тие биле рано на гробот, и не го нашле телото Негово; и кога се вратија, рекоа дека им се јавиле ангели и дека им кажале дека е Он жив. Отидоа на гробот и некои од нашите и најдоа исто така, како што рекоа жените; но Него не Го виделе.“
Тогаш им рече: „О, безумни и тврди по срце, да верувате во сè што рекле Пророците! Не требаше ли така да пострада Христос и да влезе во Својата слава?“ Па, како почна од Мојсеја и од сите Пророци, им зборуваше што е кажано за Него во целото Писмо. И тие се приближија до селото, во кое одеа; а Он се направи како да сака да продолжи. Но тие Го задржаа, велејќи: „Остани со нас, оти денот превали и наскоро ќе се стемни!“ Он влезе и остана со нив. А кога седеше со нив на трпеза, зеде леб, го благослови, го прекрши и им подаде; тогаш им се отворија очите и тие Го познаа; но Он стана невидлив за нив. И си рекоа еден на друг: „Зар не гореа срцата наши кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?“ Па во истиот час станаа, се вратија во Ерусалим и ги најдоа собрани единаесетте и оние што беа со нив, каде што говореа дека Господ навистина воскреснал и му се јавил на Симона. И тие кажаа за она што им се случи по патот и како Го познаа, кога го прекршувал лебот. Додека тие уште



# Η Ρ Ι Σ Τ Ο Σ   Α Ν Ε Σ Τ Η




HRISTOS DIRILLDI!

зборуваа за тоа, Сам Исус застана среде нив и им рече: „Мир вам!“ А тие, така збунети и уплашени, помислија дека гледаат дух. Но Он им рече: „Што се плашите и зошто такви мисли влегуваат во срцата ваши? Видете ги рацете Мои и нозете Мои: Јас Сум Истиот; допрете се до Мене и гледајте; зашто духот нема тело и коски, а како што гледате Јас имам.“ А кога го рече тоа, им ги покажа рацете и нозете. Но додека тие од радост уште не веруваа и се чудеа, Он им рече: „Имате ли овде нешто за јадење?“ Тие Му дадоа парче риба печена и мед со саќе. И кога зеде, јадеше пред нив. Па им рече: „Ете, тоа е она за што ви зборував уште додека бев со вас, оти треба да се исполни сè што е напишано за Мене во Законот Мојсеев и кај Пророците, и во Псалмите.“ Тогаш им го отвори умот за да ги разбираат Писмата, и им рече: „Така е напишано и така требаше да пострада Христос и да воскресне од мртвите на третиот ден, и да биде проповедано во Негово Име покајание и проштевање на гревовите кај сите народи, почнувајќи од Ерусалим; а вие сте сведоци за ова. И ете, Јас ќе го испратам врз вас ветувањето од Мојот Отец; а вие останете во градот Ерусалим, дури не се облечете во сила одозгора.“

И ги изведе надвор од Витанија, па кога ги подигна рацете, ги благослови. И кога ги благословуваше, се оддели од нив и се вознесе на небото; тие Му се поклонија и се вратија во Ерусалим со голема радост. И беа постојано во храмот, каде што Го прославуваа и благословуваа Бога. Амин! (Лука, 24)

**Христос воскресна од мртвите,**
**со смртта смртта ја победи,**
**и на оние во гробовите -**
**живот им подари!**
(Тропар на Воскресение)






# СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ: ТРПЕЗАТА ЗА ЦАРОТ И ЗА ПРОСЈАКОТ Е ЕДНА И ИСТА

- изадоци од неговата Воскресна беседа -

„Денес е радост на земјата, денес е радост на небото. И ако при обраќањето на еден грешник се случува радост на земјата и на небото (Лука 15, 10), уште поголема ќе биде радоста на Небото, кога сета вселена од рацете на ѓаволот е истргната. Денес ликуваат Ангелите, денес се радуваат Архангелите, денес Херувимите и Серафимите го празнуваат со нас овој празник. Тие не се срамат од своите подобни слуги, туку се совеселат со нас во добрата наши. Иако ние оваа благодат од Владиката ја добивме, радоста е заедничка - и нивна и наша. А зошто велам своите подобни слуги? Самиот нивен Владика и наш, не се срами да празнува со нас. Зошто треба да се рече не се срами? „Многу посакав оваа Пасха да ја јадам со вас“ (Лука 22, 15), рече Он. А ако Он посака да ја празнува Пасхата со нас, тоа очигледно значи дека сака и да го

**Такви се даровите на Владиката. Тој ни дава да учествуваме во нив не соодразно на нашата земна величина, туку на нашата волја и начинот на мислење.**

празнува Воскресението. Тогаш, кога се радуваат Ангелите и Архангелите и Владиката на сите Небески Сили празнува со нас, може ли да има место за тага? Никој од сиромашните нека не се жали заради своето сиромаштво, зашто ова е духовен празник. Никој од богатите нека не се превознесува, бидејќи овој празник не може ни малку да се велича со пари... На световните слави, на коишто владее големо невоздржување, каде што трпезата е преобилна и има прејадување, неред и смеа, по правило сета сатанска раскош на сиромашните им е непријатна, а на богатите весела. Зошто? Затоа што богатиот приредува богата трпеза и повеќе ужива во изобилството, додека на сиромавиот сиромаштвото му е

**Денес ликуваат Ангелите, денес се радуваат Архангелите, денес Херувимите и Серафимите го празнуваат со нас овој празник.**



Тајната вечера, Ватопед (Света Гора)



пречка - за раскошот. Една е Трпезата и за богатиот и за сиромавиот. Ако некој е богат, не може ништо да ѝ додаде; ако некој е сиромав, не може во помала мера да учествува во понуденото. И зошто се чудиш за тоа што трпезата и за богатиот и за сиромавиот е една и иста? На самиот цар што носи круна, и во кралска одежда е облечен, кој владее со земјата, и на просјакот, кој милостиња проси, една иста трпеза им се нуди. Такви се даровите на Владиката. Тој ни дава да учествуваме во нив не сообразно на нашата земна величина, туку на нашата волја и начинот на мислење.

...Да Му возвратиме на Владиката за таквото кон нас благоволение, а најголемиот возврат ќе биде - чистотата на животот и трезвеноста на душата. За ваков празник и торжество потребни се не пари и издатоци, туку исправна волја и начин на мислење, бидејќи предметите што овде се купуваат се од таква природа. Овде не се продава нешто вештествено, туку слушањето на Божествените зборови, молитвите отечки, благословите свештенички, едномисленост, мир и слога, духовни дарови, духовна награда.

Да го празнуваме овој најголем и светол празник, во кој воскресна Господ, да го празнуваме светло и воедно благочестиво. Господ воскресна и со Себеси ја воскресна вселената. Воскресна, раскинувајќи ги оковите на смртта. Адам згреши и умре. Христос не согреши и исто така умре. Тоа е необично и прекрасно: оној згреши и умре, а Овој не згреши и исто така умре. Зошто? За да може оној кој згреши и умре преку Оној Кој не згреши, да се ослободи од оковите на смртта.

HRISTOS A ÎNVIAT!



KRISHTI U NGJALL!

# ПОБЕДА НА ВОСКРЕСЕНИЕТО

Воскресението и прославувањето на телото, што ќе значи конечна слобода за човекот (со оглед на тоа дека само вечниот живот е татковина на вистинската слобода - св. Исак Сирин), не е независно и одвоено од ослободувањето и конечното спасение на тварниот свет. „Целиот овој свет не се движи кон целосна ништотност. Како што нашите тела ќе се променат, така и светот, откако ќе претрпи промена, со силата на Светиот Дух, ќе биде повторно создаден за да биде поблиску до Божјата замисла. Така, со светот ќе се случи истото што и со нас“ (Св. Григориј Палама). Се работи за промена или преобразба, за повторно раѓање или пресоздавање на созданието, за што зборува Библијата (Рим. 8, 19, 22). Сè се движи кон Воскресението, коешто е тајната на вистинската промена на целиот свет, создадениот и материјален космос. ...Иако распадливоста престанува и се поништува во благодатта на Воскресението, умираме во времето и смртното тело се разложува (како што Бог секому му одредил), за да можеме да постигнеме подобро Воскресение. Оти, како семето што паѓа на земјата, така и ние, со распаѓањето на телото не се губиме, туку се сееме за да воскреснеме, бидејќи смртта е укината со благодатта на Спасителот.

(од книгата *Православна духовност* на Михаил Кардамакис)

Премин, Воскресение Христово 2004



